Бр: 10-13

Скопје:22.01.2020

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/2010), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-106 од 24.12.2019 година, согласно Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година поднесено од Министерството за економија бр. 18-6571/1 од 24.12.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 22.01.2020 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-106 од 24.12.2019 година, поднесено од страна на Министерството за економија, како давател на државна помош, за планирано доделување на помош преку Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, утврди дека:

Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1 од Законот за контрола на државната помош.

1. Мерката 1 од дел II, област Б. **Имплементација на индустриската политика** од Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов **Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија во вкупен износ од 4.500.000 денари** која ќе се реализира преку следниве мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 4.500.000 денари, при што предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти во износ од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

1.1.1 изработка на техничка документација за нов производ односно за подобрување на постојниот производ и/или изработка на индустриски дизајн/редизајн на производ;

1.1.2 изработка на студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд;

1.1.3 набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди во областа на: хоризонтални стандарди (МКС EN ISO 50001; МКС EN ISO 14001; МКС EN ISO 45001; МКС EN ISO 31000); хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи од областа на преработувачката индустрија;

1.1.4 експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за оптимизација на производството преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски филозофии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (Lean менаџмент, КАИЗЕН итн);

1.1.5 развивање и имплементација на проекти за дигитална трансформација на претпријатијата од преработувачката индустрија: набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството (пр. набавка на систем за Enterprise Resource Planning (ERP); Customer Relationship Management (CRM), систем за компјутерска безбедност, дигитализација во производството и сл), веб портал, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување нови дигитални вештини;

1.1.6 кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите (соработка и користење на лабораториите при универзитетите, истражувачките центри и сл);

1.1.7 експертска анализа и изработка на техничка-проектна документација или студија за техничка изводливост за: планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за зголемување на енергетската ефикасност, воведување на концепт на циркуларна економија (внатрешен систем за управување со отпад и систем за заштита на животната средина, зелена економија и сл.) и

1.1.8 изработка на проектна документација за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија

претставува државна помош на која не се применува Законот за контрола на државната помош согласно член 3 став (2) од истиот закон бидејќи таквата помош се доделува во областа на земјоделството и рибарството т.е. во соодветната преработувачка индустрија.

2. Мерката 2 од дел II, област Б. **Имплементација на индустриската политика** од Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов **Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија во вкупен износ од 1.200.000 денари**, при што предмет на мерката е кофинансирање за организирање на обуки за:

2.1 кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехранбена и металопреработувачка индустрија;

2.2 кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарската и чевларската индустрија;

2.3 кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на ,,зазеленување" во повеќе избрани сектори од преработувачката индустрија и

2.4 кофинансирање за организирање обуки за воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија

при што Министерството за економија кофинансира и ги надоместува трошоците во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките и тоа:

- деталена Извештај за реализација на обуките, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците, со број на учесници и име на компании ;
- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл) и детален извештај за бројот на ученсици и
- името на компаниите – учесници на обуките

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

За кофинансирањето за организирањето на специјализирани обуки во прехранбената индустрија не се применува Законот за контрола на државната помош согласно член 3 став (2) од истиот закон.

3. Мерката 3 од дел II, област Б. **Имплементација на индустриската политика** од Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов **Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории или проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување на градежните производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали во вкупен износ од 1.500.000 денари**, при што предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти во висина од 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст: ,,Закон“), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст ,,Комисија“) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државната помош.

Притоа, секој давател на државна помош дефиниран во член 6 став (1) од Законот, е должен според член 13 став (1) од Законот, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Министерството за економија до Комисијата достави Известување бр. 18-6571/1 од 24.12.2019 година (Наш бр. 10-106 од 24.12.2019 година) за планирано доделување на државна помош за 2020 година врз основа на Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година.

Комисијата оцени дека известувањето доставено од страна на Министерството за економија е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11)

При испитување на доставената Предлог - Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, Комисијата ги оценуваше условите и намената за реализација на секоја од активностите предвидена во истата Предлог - Програма за да утврди дали таквите активности претставуваат државна помош.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година претставува шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи истата претставува правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од Комисијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

Мерките содржани во Предлог - Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, областа Б. Имплементација на индустриската политика, Комисијата ги анализираше од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четирите кумулативни критериуми. При ваквата анализа Комисијата утврди дека мерката 1 од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика од Предлог -Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачката индустрија во вкупен износ од 4.500.000 денари која ќе се реализира преку мерката 1.1. (надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар) за активностите: 1.1.1, 1.1.2, 1.1.3. 1.1.4, 1.1.5, 1.1.6, 1.1.7, и 1.1.8 од оваа мерка претставува државна помош на која не се применува Законот (член 3 став (2) од законот) бидејќи таквата помош се доделува во областа на земјоделството и рибарството, и во кои области во голем дел влегува и преработувачката индустрија. Имено согласно Националната класификација на дејности – НКД рев 2 („Службен весник на Република Македонија„ бр. 147/2008 и 4/2013), секторот Преработувачка индустрија опфаќа: производство на прехранбени производи, преработка и конзервирање на месо и производство на производи на месо, преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, производство на растителни и животински масла и масти, производство на млечни производи, производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб, производство на пекарски производи и тестенини, производство на други прехранбени производи (шеќер, какао, чоколади и кондиторски производи, преработка на чај и кафе, производство на зачини и други додатоци, производство на готови јадења и оброци и тн), производство на готова храна за животни.

Мерката 2 од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика од Предлог -Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки за преработувачката индустрија во вкупен износ од 1.200.000 денари која ќе се реализира преку мерката 2.1.(кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехранбена и металопреработувачка индустрија), 2.2 (кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарската и чевларската индустрија), 2.3 (кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на „зазеленување" во повеќе избрани сектори од преработувачката индустрија), 2.4 (кофинансирање за организирање обуки за воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија), претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот, затоа што дел од трошоците за оваа намена кои ги надоместува Министерството за економија се во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките. Тоа укажува дека е исполнет условот содржан во дефиницијата за помош од мало значење (de minimis) од член 4 став (1) точка 4 од Законот, според која помош од мало значење (de minimis) постои ако износот на доделената помош по корисник не надминува 200.000 евра за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. Вкупно за реализација на оваа мерка се предвидени 1.200.000 денари или 19.512 евра. Оттука оваа мерка претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла

на член 4 став (1) точка 4 од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11). Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

За кофинансирањето за организирањето на специјализирани обуки во прехранбената индустрија не се применува Законот за контрола на државната помош согласно член 3 став (2) од истиот закон.

Мерката 3 од дел II, област Б. Имплементација на индустриска политика од Предлог-Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година под наслов Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории или проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување на градежните производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали, претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот, затоа што дел од трошоците за оваа намена кои ги надоместува Министерството за економија се во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средства. Тоа укажува дека е исполнет условот содржан во дефиницијата за помош од мало значење (de minimis) од член 4 став (1) точка 4 од Законот, според која помош од мало значење (de minimis) постои ако износот на доделената помош по корисник не надминува 200.000 евра за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. Вкупно за реализација на оваа мерка се предвидени 1.500.000 денари или 24.390 евра. Оттука оваа мерка претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11). Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

Вкупно за реализација на сите мерки од дел II, област Б. Имплементација на индустриската политика од Предлог -Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година се предвидени 7.200.000 денари или 117.073 евра, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставки 425 и 462, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027,

Заради горенаведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**